## ЦЕТИС МАК

Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик – ЦЕТИС МАК е оформен во 2007 година, во рамките на проект од ТЕМПУС-програмата.

ЦЕТИС МАК претставува единствен центар од ваков вид во Република Македонија, каде што се врши тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски јазик според европски стандарди.

ЦЕТИС МАК е организациона единица на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје. Во рамките на Факултетот, дејствува во најтесна соработка со Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици. а во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” и со Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура.

Основна дејност на ЦЕТИС МАК е организирање и изведување на Тестот по македонски јазик како странски јазик – ТЕМАК и издавање на соодветен сертификат за нивото на познавање на јазикот.

ЦЕТИС МАК организира и:

- настава по македонски јазик како странски јазик во соработка со Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици или со Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во летните школи;
- организира обука за овластени испитувачи за заинтересираните кандидати;
- изготвување на студиски и предметни програми за македонски јазик како странски јазик во соработка со Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици.

## ТЕМАК

Тестот по македонски јазик како странски јазик – ТЕМАК се изведува **на почетно, средно и напреднато рамниште**.

ТЕМАК им е наменет на говорителите на кои македонскиот им е странски јазик, а кои сакаат да се здобијат со официјален сертификат за степенот на познавање на македонскиот јазик.

ТЕМАК е оформен во согласност со стандардите претставени во Заедничката европска рамка за референтност на јазиците поставена од Советот на Европа во 2001 година. Во таа рамка ТЕМАК за почетно рамниште најблиску му соодветствува на рамништето А1, Темак за средно рамниште најблиску му соодветствува на рамништето Б1, а ТЕМАК за напреднато рамниште најблиску му соодветствува на рамништето Ц1. Положувањето на овој тест му овозможува на кандидатот да добие релевантен документ кој го определува степенот на неговото јазично знаење и официјално го сертифицира.

ТЕМАК опфаќа тестирање на општите јазични познавања на кандидатот во контекст на сите четири јазични вештини, и тоа:

- слушање (разбирање на говорен текст);
- читање (разбирање на пишан текст);
- пишување;

зборување.

## ПРИЈАВУВАЊЕ

Пријавувањето се врши со пополнување на специјалниот Формулар за пријавување и со уплаќање на предвидената сума на жиро-сметката на Филолошкиот факултет „Блаже Конески”, Скопје. За подетални информации обратете се во Деканатот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје или кај раководителот на Цетис Мак, проф. д-р Лидија Аризанковска на larizankovska@yahoo.com.

Лицата коишто сакаат да го полагаат тестот треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да имаат навршено 18 години;
- да го познаваат кириличното писмо;
- да носат со себе документ за лична идентификација на денот на тестирањето.